Врз основа на член 12 став 2 од Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија бр. 39/05), министерот за финансии, донесе:

## ПРАВИЛНИК ЗА ВИДОТ И ИЗНОСОТ НА ЦАРИНСКИТЕ НАДОМЕСТОЦИ ЗА НАПРАВЕНИ УСЛУГИ ВО ЦАРИНСКАТА ПОСТАПКА

### Член 1

Со овој Правилник се одредува видот и висината на царинските надоместоци кои царинскиот орган ги наплатува во царинските постапки.

### Член 2

При поднесување на единствен царински документ (ЕЦД), се наплаќа царински надоместок за направени услуги во висина од 19 евра, во денарска противвредност, по царинска декларација, за следниве видови царински постапки:

| *Царински постапки* | *Шифра која се користи за рубрика 37, прва односно и втора подрубрика* |
|---|---|
| Извоз | 10 |
| Повторен извоз од царински склад или слободна зона | 3171, 3178 |
| Привремен извоз | 21,22 |
| Пуштање на стока во слободен промет | 40, 41, 47, 48, 61 |
| Привремен увоз со делумно ослободување од увозни давачки | 53 XX Д51 |
| Складирање во царински складови и внесување во слободна зона и слободен склад | 71, 78 |

### Член 3

По исклучок од член 2 на овој правилник, надоместокот за направени царински услуги не се плаќа за стоките што се ослободени од плаќање царина според одредбите од член 193, 194, 195, 196, 197 и 198 од Царинскиот закон (Службен весник на Република Македонија бр.39/05), како и при увоз на стоки за кои според склучени меѓународни договори не се плаќа царина.

### Член 4

За секое поднесено барање за распределба на царински квоти за преференцијален увоз согласно договорите и спогодбите за слободна трговија и на царински квоти по договор за пристапување на Република Македонија во СТО, се наплаќа царински надоместок за направените услуги во висина од 100 евра, во денарска противвредност, по поднесено барање.

### Член 5

Кога стока се прегледува, на барање на декларантот, на места различни од одредените за таа цел од страна на царинскиот орган и во време различно од работното време на

царинскиот орган, се наплаќа надоместок за сторени услуги во висина од 10 евра, во денарска противредност за секој час на ангажирање, при што секој започнат час на работа на царинскиот службеник се смета како цел час.

**Член 6**

Доколку како мерка определена од страна на царинскиот орган за обезбедување на идентификација на стоката во транзитна постапка е побарана царинска придружба, царинскиот органи ќе наплати надоместоци за покривање на настанатите трошоци во износ од 10 евра, во денарска противредност за секој час од времетраењето на придружбата, при што секој започнат час на придружбата се смета како цел час.

**Член 7**

По поднесено барање за издавање на задолжителна тарифна информација и задолжителна информација за потекло, се наплаќа надоместок за направени услуги во износ од 40 евра, во денарска противредност. Ако за издавањето на задолжителните информации е потребна анализа или експертиза за стоката, тогаш се наплаќаат и реалните трошоци за извршената анализа или експертиза.

**Член 8**

За лабораториско испитување на земените мостри на стока која се царини, се наплаѓаат просечни трошкови за испитување во царинската лабораторија во восина од 65 евра, во денарска противредност и реалните трошоци за испитување во други организации, само доколку со испитувањето се утврди дека се работи за погрешна тарифна ознака во однос на декларираната и доколку е земена мостра на барање на декларантот.

**Член 9**

Согласно одредбите од Конвенцијата за меѓународен превоз на стоки врз основа на карнетот ТИР, а на барање на подносителот за преглед и утврдување на техничките услови на возилата според стандардите предвидени со ТИР Конвенцијата, царинскиот орган наплаќа надомест за издавање на уверение за одобрување во износ од 15 евра, во денарска противредност.

**Член 10**

Одредбите од член 4 од овој правилник ќе се применуваат до 30.06.2006 година.

Одредбите од член 2 на овој Правилник ќе се применуваат до 30.09.2006 година.

**Член 11**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 01 јануари 2006 година.